Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

16-10-2020
03 175/2
0304
5 год.
16.10. 20 20 Година

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**

**Ип 1 бр. 57-65**
**Датум: 7.10.2020 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Музеј д-р Никола Незлобински-Струга |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме:<br>в.д. директор | Телефон | Е-пошта<br>strugamuseum@yahoo.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>1. РЕДОВЕН</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.9.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 12.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 1.10.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Музеј д-р Никола Незлобински-Струга | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на музеите (шифра: 91.02) | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| надзорот | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. | Струга |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за месец февруари 2020 година, бр. 57-120/11 од 31.8.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис ИП 1 бр. 57-65 од 14.9.2020 г., е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на ЕСМ“ бр. 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

5) Предмет на редовниот инспекциски надзор е спроведување на одредбите од Законот за музеите („Сл. весник на РМ“66/04, 89/08, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016), и подзаконските акти- Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација („Сл. Весник на РСМ“ бр. 72/2006), Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. Весник на РСМ“ бр. 35/2016), Правилникот за регистарот на музејските копии, за образецот на сертификатот на музејската копија, за начинот на обележување на комерцијалната копија и репродукцијата на музејските предмети („Сл. Весник на РСМ“ бр. 72/2006).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор, употребена е Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој Записник.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| директор | | strugamuseum@yahoo.com |

8)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9)За време на извршување на редовниот инспекциски надзор, присутни беа и следните лица:

, кустос, археолог (врши работи на документатор во Музејот)
и , кустос, археолог.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Во однос на обврската од член 21 од Законот за музеите и Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. Весник на РСМ" бр. 35/2016), за вршење на редовна ревизија на музејските предмети најмалку на секои пет години заради утврдување на нивната состојба и потребата за преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита, како и на вонредната ревизија кога музејските предмети се преместуваат од еден во друг музеј и кустосот кој е одговорен за музејската збирка ќе се прераспореди на друго работно место, или кога ќе му престане работниот однос, од страна на в.д. директорот донесено е Решение бр. 02-137/2 од 28.7.2017 г., со кое е формирана Комисија за вршење ревизија на музејските предмети. Со Решението, определен е рок од шест месеци за завршување на ревизијата.

При надзорот на увид се презентирани Извештај бр. 02-137/3 од 18.10 2017 г., од извршена ревизија на музејските предмети од збирката на археологија, Извештај бр. 03-137/9 од 25.12.2017 г., од извршена ревизија на музејските предмети од етнолошката збирка на Музејот, Извештај бр. 03-137/6 од 29.12.2017 г., од извршена ревизија на музејските предмети од збирката на Одделението за историја, Извештај бр. 02-137/4 од 18.10.2017 г., од извршена ревизија на музејските предмети од збирката на Одделението за историја на уметност како и Извештај бр.03-137/7 од 25.12.2017 г., од извршена ревизија на експонатите од постојаната природонаучна поставка од Одделението за биологија. Со цитираните Извештаи

од страна на Комисијата утврдена е состојбата на музејските предмети во петте Одделенија на Музејот, начинот на кој што се чуваат, а воедно се посочува и на одредени мерки за нивна превентивна заштита.

Исто така, во однос Известувањето бр. 13-1468/4 од 9.4.2020 г., на Управата за заштита на културното наследство, укажано е дека по завршувањето на вонредната состојба, ќе биде потребно да се изврши вонредна ревизија на сите депоа.

Според изјавата на лицето имајки го предвид бројот на вработени во Музејот како и мерките на Владата на РСМ за ослободување на одредени категории на вработени во Музејот, вонредната ревизија дополнително ќе биде спроведена во наредниот период, а за утврдените состојби ќе биде изготвен соодветен записник.

10.2. Во однос на обврската од членот 20 ставови (1), (2) и (6) од Законот за Музеите, за водење на музејската евиденција и документација на начин пропишан со Правилникот формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација, односно во формат А4 и во еклектронски облик преку соодветна компјутерска програма со содржина на записот прошишан во Правилникот, утврдено е дека во Музејот, основната музејска евиденција се води преку соодветна компјутерска програма и во формат А4 при што на увид како доказ, за потребите на инспекцискиот надзор се презентирани испечатени исписи од определени записи од електронската влезна книга на музејски материјал, книгата на инвентар, односно инвентарна книга на музејски предмети, излезната книга, книгата за изложби и картотека на музејски предмети. Според изјавата на присутното лице во Музејот сеуште не е изработен **Каталог на музејските предмети**, како **задолжителна музејска евиденција, од причина што Музејот не располага со доволно финасиски средства и соодветен стручен кадар кој што би работел на оваа материја.**

При надзорот е утврдено дека досега во Музејот од задолжителната музејска евиденција од евидентираните записи за музејскиот материјал и музејските предмети, **не се** направени исписи на посебни листови хартија, заверени со потпис на одговорното лице и печат на Музејот согласно со обврската од членот 2 став (2) од Правилникот. Инаку, согласно со обврската која произлегува од членот 3 став (1) од Правилникот, листовите за направените записи од електронската евиденција,

треба да бидат подврзани, односно укоричени во **музејски книги**, во тврд повез (најмногу до 500 страници), при што истата треба да е соодветно нумерирана, односно секоја страница да биде обележана со редни броеви.

10.3. Музејот не води дополнителна музејска евиденција согласно со член 17 од Правилникот, односно не води Книга за чување на музејскиот материјали и предмети што не се во сосптвеност на Музејот, а во која се евидентираат податоци за материјали и предмети што од страна на сопственикот или друго ополномоштено лице се предадени на Музејот заради привремено или трајно чување.

10.4.Во однос на обврската за стучната обработка на музејскиот материјал на начин и во законски утврдениот рок согласно со член 20 став (5) од Законот за музеите, според изјавата на присутните лица како и од увидот во електронската евиденција, утврдено е дека се почитува законскиот рок, односно стручната обработка на музејскиот материјал од областа на археологијата етнологијата, историјата и историјата на уметност се врши во рок од две години од денот на неговото запишување во влезната книга на музејскиот материјал до денот на неговото евидентирање во инвентарната книга, додека за музејскиот материјал од областа на природата, за кој што рокот за стручна обработка изнесува три години од денот на неговото запишување во влезната книга на музејскиот материјал до денот на неговото евидентирање во инвентарната книга, исто така утврдено е дека се почитува. Имено, на увид се презентирани исписи од електронската влезна книга за музејски материјал, од кои што може да се види дека во текот на месец јули 2019, од теренско собирање, во влезната книга на музејски материјал под реден број 4468 (alchemilla sp.), 4469 (narthecium scardicum Kosanin) и 4470 (selaginella selaginoides L.) се евидентирани три различни примероци од природата кои што од лицето одговорен кустос сеуште се во фаза на стручна обработка и од тие причини не се евидентирани во инвентарната книга на музејски предмети.

10.5. Во врска со одредбата од член 18 став (3) од Законот за музеите, која што се однесува на прибавување на музејски материјал и музејски предмети преку купување, подароци, легати, завештенија, размена, отстапување и преземање од други физички и правни лица согласно со Законот за музеите и друг закон каде што музејот мора да обезбеди и доказ за соспственост на предметот (купопродажен договор, акт за наследување или изјава за сопственост на предметот) како и изјава заверена кај нотар дека предметото не потекнува од

недозволени и неконтролирани ископувања, кражби, недзоволен извоз и увоз или од други противправни дејствија, од презентираната документација и од увидот во елктронската евиденција, последен откуп на етнолошки материјал (вкупно 15 парчиња) во Музејот е направен во 2015 година во два наврати:

- по пат на склучен Договор бр. 03-119/1 од 3.9.2015 година, склучен помеѓу Музејот и физичкото лице од Вевчани, извршен е откуп на етнолошки материјал од категоријата традиционални дрвени покуќнински предмети и алатки за преработка на текстилни влакна и тоа: разбој, брдо, брдило, чекрек и елемија. За овој материјал продавачот ја докажал сопственоста со Нотарска изјава.

- по пат на склучен Договор бр. 03-119/2 од 3.9.2015 година, склучен помеѓу Музејот и физичкото лице од Струга, извршен е откуп на етнолошки материјал од категоријата традиционални керамички садови, традиционални дрвена покуќнина, традиционална текстилна покуќнина, традиционална метална покуќнина и други предмети со различна намена. За овој материјал продавачот ја докажал сопственоста стекната по основ на семејно наследство со Нотарска изјава.

Во годините 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 не е вршено прибавување на музејски материјал и музејски предмети по овој основ.

10.6. Во однос на обврската од членот 19 од Законот за музеите кој што се однесува на спроведување на превентивна и трајна заштита на музејскиот материјал и музејските предмети, при надзорот е утврдено дека се почитуваат овие одредби од законот. Имено, од страна на присутните лица, за потребите на инспекцискиот надзор, направени се исписи од електронската евиденција на излезната книга на музејски материјал и музејски предмети од коишто што може да се утврди дека во месец декември 2019 година, заради забележливи оштетувања и наслаги на површината на 41 музејски предмет – коскени орудија, од локалитетот „Уста на Дрим", со Реверс бр. 03-184/7 од 25.12.2019 година, а по претходно Одобрение за конзерваторски истражувања УП бр. 09-862 од 6.11.2019 г. на Управата за заштита на културното наследство, Музејот ги отстапил овие предмети на конзерваторот вработена во НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Охрид заради конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект.

10.7. Во однос на обврската од членот 27 став (4) од ЗМ, според изјавите на присутните лица, Музејот не изработува музејски копии на музејски предмети, па

оттука не води регистар на музејски копии. Исто така, во врска со член 28 од законот, Музејот не изработува и не врши продажба на комерцијални копии на музејските предмети.

10.8.Согласно со обврската од член 25 ставови (1) и (2) од Законот за музеите, Музејот го има објавено работното време и деновите и часовите на посета.

Во однос на обврската од член 25 ставови (3) и (4) од Законот за музеите, според која Музејот е должен најмалку еднаш месечно да обезбеди бесплатен влез во Музејот, а децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби да плаќаат намалени цени на влезници или да бидат ослободени од плаќање влезница, при надзорот на увид е презентирана само Одлука бр.02-21/3 од 17.2.2015 г., донесена од УО, со која се регулира дека денот четврток во текот на целата година е одреден како ден за слободен влез за студенти во сите објекти-подружници на Музејот. За останатите категории на посетители не е презентиран соодветен акт на УО за бесплатниот влез во Музејот. Исто така, на увид не е презентиран ниту акт за утврдени цени за билети донесен од УО.

Оттука, е утврдено дека не е постапено во целост по членот 25 став (3) од Законот за музеите, најмалку еднаш месечно да се обезбеди бесплатен влез во Музејот, односно истото е предвидено само за категоријата-студенти, а не и за останатите категории на посетители.

11.Врз основа на горeконстантираните наоди за фактичката состојба при вонредниот инспекциски надзор, утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот и тоа:
- **основната и дополнителната музејска евиденција не се води во целост на начин пропишан со Правилникот;**
- **најмалку еднаш месечно, не обезбедува бесплатен влез во Музејот;**

за што инспекторот ќе преземе мерка, односно ќе донесе решение со кое што на субјектот на надзорот согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а в.в. член 83 став (2) од Законот за инспекциски надзор ке му се нареди во определен рок да ги отстрани горенаведените неправилности, како и да презeме други соодветни дејства за примена на подзаконските акти-правилници, донесени врз основа на овој закон.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>в.д.директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | 16.10.2020 г. | Датум: | 7.10.2020 г. |

Прилог:Листа за проверка, која е составен дел на Записникот



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk